CENTER FOR THE STUDY OF DEMOCRACY

# ЕКОНОМСКОТО ВЛИЈАНИЕ НА РУСИЈА НА БАЛКАНОТ: СОБОРУВАЊЕ НА ОСТРАТА МОЌ НА КРЕМЛИН

## Документ за јавна политика бр. 89, ноември 2019

Одлуката на Европската унија[1] од октомври 2019 за да не се започнат преговорите за пристап со Албанија и Северна Македонија претставува уште еден предупредувачки знак дека ЕУ можеби нема да сака или пак нема да може да го посвети потребниот политички капитал за интегрирање на Балканот во рамки на Евроатлантската заедница. Неочекуваната одлука **го ја поткопа кредибилитетот на ЕУ процесот,** и напорите од посебниот Берлински процес во 2014 година за повторното убедување на земјите од Западен Балкан за нивната европска иднина. Ова дополнително ја ослаби силата на ЕУ, проширувајќи го **вакуумот на моќта** во регионот кој веќе е експлоатиран од страна на авторитативните сили како што се Русија и Кина. Тие ја користат предноста на демократското повторно запаѓање во стари навики и широко распространетите **корупција и заробување на државата**[2] за проширување на нивното економско и политичко влијание во регионот.

Локалните политички елити на Балканот веќе го прифатиле предложениот алтернативен автори-

### КЛУЧНИ ТОЧКИ

- Ослабувањето на силата на ЕУ создава вакум на моќ во регионот кој е веќе исполнет со авторитативните сили како што се Русија и Кина. Тие ја користат **предноста** на демократското повторно запаѓање во лоши навики и широко распространетото **заробување на државата** помеѓу дисфункционални институции за проширување на нивното економско и политичко влијание.
- Руското економско влијание е намалено со воведувањето на санкциите од страна на САД и ЕУ во 2014 година, но **руските компании сè уште контролираат помеѓу 5 и 10% од економијата во регионот**, вклучувајќи стратешки компании како што се најголемите рафинерии, мрежи за дистрибуција на гориво, пренос на гас и складишта, телекомуникации и синџири на малопродажба.
- Русија влијае на владите од регионот преку **скапите проекти од голем обем** кои се користат за снабдување на мрежи од домашни и руски бизниси со потребната моќ над оние кои ги прават политиките и институциите.
- Кремлин го засили своето влијание и ја зајакна својата остра моќ во регионот преку воведување на сите инструменти од својот тефтер, како што е поддршка на главни и маргинални политички партии, вклучување медиуми, културни и религиозни врски, спонзорирање активности на граѓанско општество, и повлекување врски од поранешни служби за безбедност.
- ЈИЕ земјите, со помош на ЕУ, би требало да имплементираат поинаков сет стратегии за борба против **заробување на државата** во стратешките економски сектори и **да ги видоизменат странските директни инвестиции**.
- Властите во борбата против перење на пари и антимонополските позиции би требало јасно да воспостават конечна корисна сопственост, да спречат нелегален капитал да влезе во регионот, и **да приоритизираат работење на ризиците кои доаѓаат од авторитативните држави кои сервираат политички цели**, особено големите инфраструктурни проекти.

---

[1] Советот на Европската унија не успеа да ја спроведе препораката на Европската комисија за започнување на преговори со Албанија и Северна Македонија. Франција, поддржана од Холандија и Данска, се главните противници за започнување на преговорите.

[2] Shentov, O., Stefanov, R., Todorov, B. (Eds.). 2016. *Shadow Power: Assessment of Corruption and Hidden Economy in Southeast Europe*. Sofia: Southeast European Leadership for Development and Integrity/Center for the Study of Democracy.

* *Анализата се фокусира на Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија, под заедничко име како Балканот и Југоисточна Европа. Повеќе детали за руското влијание во регионот може да се најде во: The Kremlin Playbook in Southeast Europe: Economic Influence and Sharp Power. Sofia: Center for the Study of Democracy, 2019.*

National Endowment for Democracy
Supporting freedom around the world

тативен модел промовиран од страна на Русија и Кина, засладен од големи необјасниви инфраструктурни и енергетски проекти. Ова ги поткопа локалните демократски институции и дополнително го намали влијанието на условувањето на ЕУ за преговорите за пристап. На пример, Србија продолжи со својата стратешка вклученост со Русија[3] и Кина, иако ЕУ ги започна преговорите за пристап со земјата во 2014 година. Во она што може да се смета како чекор за контрабаланс на неуспехот на процесот за пристап во ЕУ за повлекување на Србија и другите земји од Западен Балкан и да се одврати нивното демократско повторно запаѓање во стари навики, САД ја зголемија својата вклученост во регионот. Назначија двајца специјални претставници[4] во 2019, и продолжија со проширување на НАТО.[5]

Влијанието на **економското влијание на Русија на Балканот** особено е потцenето од западните влади, резултирајќи со неуспех да се препознае вистинскиот домен на придружната остра моќ и структурните ризици. Русија останува највлијателниот надворешен играч со својата способност да мобилизира олигархиски мрежи на домашен терен да стекнат стратешки средства или да се обидат да ја изменат ориентираноста кон странски политики на земјите во регионот.

Одлуката на ЕУ да го блокира процесот за пристап во Западен Балкан може барем делумно да се следи назад кон успехот на силното руско мешање во донесувањето на одлуки кај националните влади во регионот. Во последната декада, **Кремлин ги става балканските влади под притисок** преку ангажирање на цела низа инструменти од низата на **моќ кои ги поседува**,[6] почнувајќи од економска зависност поткрепена со корупција на заробена држава, преку координирани политички и медиумски кампањи со дезинформации, до операции на специјалните служби за безбедност. Русија цели да го искористи ова геополитичко отворање за повторно да ги разгори регионалните поделби и да ја одврати ЕУ интеграцијата на регионот. Кремлин најверојатно го гледа Балканот како важен блок во својата глобална стратегија за да ги надмудри САД и ЕУ, и да се позиционира себеси како важен моќен играч. Оваа стратегија е видлива во Средниот Исток (Сирија и Турција), Централна Азија, Африка и со постојан подем Јужна Америка.

## Економско влијание водено од заробена држава

Русија е многу наклонета кон стратешко воведување на своите економски ресурси за вршење притисок надвор, кое е посебно видлива стратегија во Југоисточна Европа (ЈИЕ).[7] Сепак, економското влијание на Русија е поголемо од она што официјалните статистики го кажуваат. Всушност, гледајќи ги само официјалните статистички податоци, присуството на Русија во ЈИЕ е намалено ширум регионот од воведувањето на санкциите на САД и ЕУ, веднаш по присоединувањето на Крим во 2014 година. **Руските компании контролираат директно или индиректно помеѓу 5 и 10% од економијата во регионот** намалено од околу

---

3 На пример, во 2019 година, Србија потпиша договор за слободна трговија со Евроазиската унија на Русија, ги продлабочи воените врски со Русија, и продолжи со рускиот стратешки политички проект во регионот, гасоводот Турски поток. Во обид за дополнително да ги повреди реформистичките влади, следејќи ја одлуката на ЕУ да не ги покани двете земји да започнат преговори, Русија исто така предложи Албанија и Северна Македонија дека треба да се приклучат на Евроазиската економска унија.

4 САД го назначи амбасадорот Метју Палмер како специјален претставник за Западен Балкан, и амбасадорот Ричард Гренел како мировен претставник за Србија и Косово.

5 Црна Гора стана 29-тата членка на НАТО во 2017 година, а Северна Македонија се очекува да стане 30-тата членка на НАТО до април 2020 година.

6 Conley, H., Stefanov, R., Mina, J., and Vladimirov, M. 2016. *The Kremlin Playbook: Understanding Russian Influence in Central and Eastern Europe*. Rowman & Littlefield.

7 Vladimirov, M. et al. 2018. *Russian Economic Footprint in the Western Balkans: Corruption and State Capture Risks*. Sofia: Center for the Study of Democracy.

**Слика 1. Оперативен приход (обрт) на компаниите контролирани од Русија како дел од вкупниот оперативен приход за економијата во избраните балкански земји (%)**




***Забелешка:*** *Нема веродостојни податоци достапни за Албанија и Северна Македонија.*

***Извор:*** *Пресметки на CSD врз основа на статистки од националните и меѓународните корпоративни бази на податоци.*

15% во просек во 2006 година.[8] Руските инвестиции помеѓу 5,1 милијарда евра и 7,5 милијарди евра (сметајќи ги странските директни инвестиции во индиректна сопственост на Русија од офшор дестинации)[9] влезени се во регионот уште од 2006 година. Ова претставува помалку од 5% од вкупниот удел е СДИ.[10] На сличен начин, значењето на дефицитот од билатерална трговија во регионот со Русија, во голема мера водена од увозот на нафта и гас, е намалено во 2008 година од 5,6% БДП на 1,4%, поради ниските цени и поразновидната трговија.

Сепак, капиталот контролиран од Русија во голема мера се инвестира во **таргетирани стратешки сектори** вклучувајќи **енергетика, инфраструктура, комуникации, финансии и малопродажба.** Во овие сектори, фирмите поврзани со Кремлин ги

8 Бројките укажуваат на делот од приходите на компаниите контролирани од Русија во вкупните приходи на сите компании во економијата. За подетален методолошки опис погледнете: Vladimirov, M. et al. 2018. *Russian Economic Footprint in the Western Balkans: Corruption and State Capture Risks*. Sofia: Center for the Study of Democracy.

9 Сепак, актуелните руски инвестиции во регионот би можеле да бидат многу повисоки, доколку сите инвестициски текови контролирани од Русија, а канализирани преку офшор области, како што е Кипар, или користењето на преферирани земји посреднички за инвестиции како што се Холандија, Луксембург и Австрија, може да се сметаат во целост. Овие земји се помеѓу најголемите странски инвеститори во Србија и Бугарија, на пример. Руската конечна корисна сопственост на таквите инвестиции не може секогаш да биде потврдена.

10 Еден забележлив исклучок е Црна Гора, каде руските уделот на СДИ го достигнал својот врв од 13% од вкупниот и блиску од една третина од БДП на земјата. Црногорската економија е исто така во голема мера зависна од извозот на туристички услуги во Русија, што било 22% од БДП за 2013 година, пред да падне на 8% во 2016 година. Од другата страна на спектарот од анализираните земји се Албанија и Косово каде руското економско присуство е маргинално, иако имало неколку индиректни канали од дотек на руски капитал преку локални и регионални посредници.

**Слика 2. Модел на руското користење на Турскиот поток како алатка за заробување**




***Извор:*** *Center for the Study of Democracy.*

имаат добиено дел од најголемите претпријатија во регионот вклучувајќи го најголемиот телеком во Бугарија, БТЦ (кој оперира под бренд името Виваком), компанијата за нафта и гас НИС во Србија, и најзначајниот малопродажен синџир во Западен Балкан, Агрокор. Руските компании за нафта и гас постојано **ја отежнуваа разновидноста на енергетското снабдување** и либерализацијата на енергетските пазари во регионот. Тие успешно ја зацементирале својата контрола над најголемите рафинерии, дистрибуциските мрежи за гориво и пренос на гас и складиштата низ регионот. Исто така, тие се имаат укотвено во регионот со **скапи и економски сомнителни големи проекти** како што е Турскиот гасовод кој се користи за снабдување на мрежи од домашни и руски бизниси со значителна моќ врз оние кои донесуваат политики и институциите.

Со цел да се истражат постојните дупки во управувањето во регионот, стратегијата на Русија била да се **фатат моќни локални агенти/бизниси**преку тоа што ќе ги обезбедувале со бизнис можности спонзорирани од владата со премиум поврат.[11] Низ безбедносната апаратура на земјата, Кремлин под владеење на претседателот Путин се здобил со зголемен зафат на руските јавни и приватни водечки, како и на помалку важните, бизнис интереси.[12] Ова го зголемило ризикот од Кремлин да ги експлоатира опортунистичките или стратешките бизнис интереси надвор за проширување на своите цели во странската политика. Недостатокот од капацитет и волја помеѓу финансиските регулатори и безбедносните служби во Европа, а особено во Централна и Источна Европа, да се испита рускиот бизнис интерес за мешање во локалните пазари и политики ги зголемил можностите за овие ризици да се материјализираат дополнително.

Вообичаен начин да се имплементира стратегијата на Русија во регионот било **користењето на поранешните високи функционери за безбедност** со значајно влијание врз партиите, бизнисите и институциите да дејствуваат како посредници, зголемувајќи ги интересите на Москва каде што било потребно. Обратното исто така се случувало во регионот кога локални моќни економски групи ги зајакнувале своите врски со Русија за да обезбедат капитал и политички грб за стекнување средства и да инвестираат во големи проекти. Понекогаш домашните интереси се натпреварувале за и ја добивале економската и политичката поддршка од руските компании за

11 Shentov, O., Stefanov, R., and Vladimirov, M. (Eds.). 2018. *The Russian Economic Grip on Central and Eastern Europe*. Routledge.

12 Conley, H. A., Ruy, D., Stefanov, R., and Vladimirov, M. 2019. *The Kremlin Playbook 2: The Enablers*. Rowman & Littlefield.

ангажирање во барање закупнина со нивните национални влади, искористувајќи го недостатокот на надзор и владеење на правото. Како размена за обезбедување на нивното бренд име или капитал (*fronting*), руските компании го земале номиналниот удел во профитабилни домашни бизниси, и стекнале пристап до стратешки средства во телекомуникациите, финансиите и многу често во енергетиката.[13]

## Засилување на руското економско влијание со алатки на остра моќ

Постојат различни механизми кои Русија ги користи со цел да го засили своето влијание во ЈИЕ,[14] вклучувајќи:

- Засилување на **структурни економски ранливости** (најефективно во енергетскиот сектор) за постигнување на преголемо политичко влијание во наводно неповрзаните области за донесување одлуки.
- Развивање на **мрежи на заробување држава** преку инкорпорирање влијателни моќни брокери преку корупција или закануање и преку повлекување врски на стари безбедносни мрежи.
- Искористување на недостатокот од регулатори и на широко распространетите **дефицити во претпријатијата во државна сопственост** во енергетскиот сектор со цел обезбедување на профитабилни зделки, спречувајќи конкуренција на енергетските пазари и гарантирајќи ја поддршката на земјата за инфраструктурни проекти водени од Русија.
- Поддржување и на **водечки и на мали политички партии,** често имајќи ефективни канали на влијание врз целокупниот политички спектар, кое особено важи за Бугарија, Србија и Црна Гора.
- Порамнување на официјалните нарации на руската влада со дезинформации и канали на пропаганда преку **заробување на медиуми** и други форми на влијание.

**Слика 3. Како Кремлин користи заробување на држава за постигнување на политичко влијание**




***Извор:*** *Center for the Study of Democracy.*

Еден од најефективните механизми за засилување на руското економско влијание засновано на заробување држава е активирањето на **инструменти на остра моќ** како што е заробување на медиуми, културни и религиозни врски и спонзорирање на активности на граѓанското општество.[15] На површината, овие алатки може да изгледаат како дел од некој сет алатки за меко влијание, би-

[13] Stoyanov, A., Gerganov, A., and Yalamov, T. 2019. *State Capture Assessment Diagnostics*. Sofia: Center for the study of Democracy; Shentov, O., Stefanov, R., and Vladimirov, M. (Eds.). 2018. *The Russian Economic Grip on Central and Eastern Europe*. Routledge.

[14] Vladimirov, M. et al. 2018. *Russian Economic Footprint in the Western Balkans: Corruption and State Capture Risks*. Sofia: Center for the Study of Democracy.

[15] Cardenal, J. P. et al. 2017. *Sharp Power. Rising Authoritarian Influence*. National Endowment for Democracy, International Forum for Democratic Studies.

дејќи тие негуваат специфична размена на идеи поврзани со улогата која Русија ја игра во Европа. Но поткрепено со **таргетираното економско присуство во медиумскиот сектор** и **агресивно воено и геополитичко држење,** во практика тие имаат успешно променети социо-културолошки стории во многу ЈИЕ земји. Русија активно барала да ги поткопа општествените перцепции за западните вредности, целите на националната политика и културно-историските реалности преку отворено оспорување на факти, и преку понатамошно туркање на приказни кои не се засновани на докази, од друга страна. Исходот од оваа стратегија е зголемување на социјални тензии и политичка нестабилност во ЈИЕ, водено од искористувањето на постојните поделби во општеството од страна на Русија. Најзначајната видлива линија врз која Кремлин стави дополнителен притисок е растот на етничкиот национализам во Босна и Херцеговина, протестите против НАТО во Црна Гора и политичкиот немир во Северна Македонија по изборите во 2016 година. Групите поддржани од Русија имаат клучна улога во **поттикнување на внатрешни конфликти** со цел менување стратешки национални одлуки.

Еден од клучните канали на руската остра моќ во ЈИЕ е **православната црква.** Таа ја игра улогата на клучен духовен посредник во ширењето на руската агенда во ЈИЕ, организирајќи разни иницијативи под религиозниот превез. Парадоксално, руската и многу други православни цркви во ЈИЕ имаат сменето бастиони на поранешни безбедносни служби, со понатамошно зајакнување на влијанието на Кремлин. Друг канал на остра моќ е заситување на регионалниот медиумски простор со руска пропаганда и приказни со дезинформации. Русија ги искористила финансиските проблеми во обезбедување содржина и ниското ниво на медиумска слобода во ЈИЕ за да ја спроведе омилената бесплатна содржина на Кремлин, со цел засилување на економската зависност на медиумите преку директна сопственост на капитал или на рекламни текови и одржување (не)формални политички врски на медиумски истекувања до проруските групи и интереси. Недостатокот од транспарентност на медиумската сопственост, во комбинација со слабо спроведени конфликти на интереси и етички одредби, е засилено со зависноста на големи комерцијални рекламатори на мали рекламни пазари, како и со **олигархизацијата на медиумските пазари во ЈИЕ.**[16] Русија, исто така, го има обезбедено политичкото влијание преку директно поддржување на водечки и маргинализирани политички партии налик, но исто така и преку поттикнување на популарно незадоволство и изложувајќи ги ранливостите на либералниот демократски систем на владеење преку следниот **сет од овозможувачи:**

- **Организации на граѓанското општество** и **квази-политички партии** примајќи директно официјално или скриено финансирање од руски фондации или локални финансиери овластени од Русија, вклучувајќи и банки.
- **Протесни и групи за притисок** мобилизирани на ад хок принцип за сеење конфузија и за одвраќање на одредени политички одлуки. истите се поврзани со фудбалски клубови, боречки спортски клубови, итн., кои примиле поддршка од руски бизниси.
- **Интернет тролови, блогери, домаќини на емисии во живо** и создавање на интернет страници со вести кои целат кон засилување на одредени приказни со дезинформации.

## Препораки за политики

Врз основа на неоткриената големина и шаблони на руското влијание во ЈИЕ, следната неисцрпна листа на политики[17] би можела да се земе предвид со цел намалување на нивното негативно влијание:

[16] Filipova, R. et. al. 2018. *Russian Influence in the Media Sectors of the Black Sea Countries: Tools, Narratives and Policy Options for Building Resilience*. Sofia: Center for the Study of Democracy.

[17] Овие се направени по препораките дадени на Бугарското претседателство на Советот на ЕУ во мај 2018 година. За повеќе детали, погледнете: Center for the Study of Democracy. 2018. *Policy Brief 77: Making Democracy Deliver in the Western Balkans: Strengthening Governance and Anticorruption*.

- **Националните влади** во Југоисточна Европа би требало да планираат и спроведат **големи стратегии против заробување на државата,** вклучувајќи ја имплементацијата на годишна процена за заробување на државата (*State Capture Assessment Diagnostics)* (SCAD) која би го измерила нивото на заробување (ризици) на стратешки економски сектори и идентификување дефицити на клучно владеење, кои дозволуваат прекумерна пазарна концентрација во полза на приватни интереси.
- Земјите од ЈИЕ треба да се фокусираат на **диверзификација на приливот на странски капитал**, разделено од прекумерната зависност на капиталот од авторитарните земји, кои таргетираат структурно значајни сектори преку неконкурентни средства. Изложеноста на странски директни инвестиции треба да биде оценета соодветно од страна на централните банки и финансиските регулатори, кои редовно треба да ја потценуваат вистинската големина и потенцијалното влијание од приливот на капитал од Русија.
- Владите на ЈИЕ треба да го **поттикнат и зајакнат својот капацитет** за ефикасно спротивставување на инструментите на руското влијание во критичните економски сектори, особено во енергетиката. Овие напори треба да бидат дел од нивните национални стратегии за безбедност и јавно да бидат вклучени во годишното известување/проценка на закани за Русија, вклучително и нејзиното економско и енергетско присуство.
- Владите на ЈИЕ треба да **дадат приоритет за подобрување на енергетската безбедност во нивните земји** преку следниве мерки на политики:
  - целосна либерализација на пазарот на гас во линија со законите на ЕУ за енергетика и конкуренција;
  - завршување на интеграцијата на регионалниот пазар преку изградба на конектори за гасоводот, складишта за гас и подземни складишта, како и диверзификација на патиштата и изворите на снабдување;
  - преговарање за долгорочни договори за природен гас со „Газпром” со цел укинување на клаузулите за дестинација и земи-или-плати, како и отстранување на индексирањето на нафтата од методологијата за цени.
- Треба да се преиспита вмешаноста во големите политичко-водени енергетски проекти предводени од Русија, како што е гасоводот „Турскиот поток” и нуклеарната централа „Белене” во однос на влијанието што го имаат проектите во намалувањето на енергетската безбедност и во зајакнувањето на мрежите на заробување држави, поддржани од Русија.
- Националните даночни и антимонополски власти треба да ги зголемат своите напори со цел да ги спречат руските компании од вклучување во даночно **избегнување и злоупотреба на монополската моќ** преку:
  - спроведување на Упатствата за одредување трансферни цени на ОЕЦД за мултинационални претпријатија и даночни администрации во нивните билатерални преговори за даноци меѓу владите и компаниите, со цел да се ограничи износот на добивките префрлени на подружниците регистрирани офшор;
  - рушење на постоечка олигополистичка структура на пазарите за дистрибуција на гориво во регионот, која им дозволува на руските магнати да извлечат монополистички ренти што можат да бидат пренасочени кон финансирање не енергетски активности, вклучувајќи и индиректно, политички партии, медиумска пропаганда, културни активности и едукативни програми.
- Антимонополски власти, даночни инспекторати, регулатори на финансискиот пазар и агенциите за национална безбедност треба да работат **на јасно воспоставување конечна корисна сопственост** и врски со други играчи на пазарот, со цел да се избегне концентрација на пазарот, и да се спречи перење пари и стекнување на критични средства од компании поврзани со авторитарните земји.
- Потребно е **зајакнување на управувањето со постапките за приватизација и пост-приватизација**, со цел да се одвратат руските обиди за преземање на големи стратешки компании со под пазарната вредност.

- Финансирањето на политичките партии треба да биде построго регулирано и релевантните разузнавачки тела треба да го зајакнат нивниот **мониторинг на странските субверзивни активности.**
- **Независноста на медиумските регулатори** треба да се зајакне, така што тие ќе можат да се посветат на сопственоста на медиумите со цел да избегнат непотребна концентрација на пазарот и да откриваат интернет медиуми кои работат надвор од радарот, а кои служат за ширење на дезинформации и пропаганди.
- **Европската унија** треба да го зајакне својот **економски и политички ангажман на Балканот** преку процесот на проширување за земјите што не се членки на ЕУ и преку својата кохезивна политика во членките на ЕУ. Особено треба да бара поактивно политичко ангажирање во областите на владеење на правото и антикорупцијата. Исто така, треба да се укаже и потенцира на локалните политички лидери дека долгорочните изгледи за ЕУ бараат натамошни реформи како основа и одбивање да се вклучат со играчи кои не се членки на ЕУ во ексклузивни зделки надвор од рамките на отворената конкуренција и владеење на правото.
- ЕУ, а особено Франција и Германија, треба да се согласат за **обновена политика за проширување**, балансирање на политичките и техничките елементи на процесот. ЕУ треба да ги увери земјите од Западен Балкан за нивната европска иднина, но исто така треба да даде до знаење дека процесот на проширување е пред сè и политички процес кој има за цел зајакнување на демократијата и пазарната економија во регионот. ЕУ треба повторно да го потенцира преовладувањето на постигнување одреден праг на економски развој за влез во унијата.
- ЕУ, исто така, треба да даде пример преку **интригирање на цврст механизам за владеење на правото за земјите-членки** засновано на континуирани структурни и антикорупциски реформи и поврзано со кохезивна поддршка.
- ЕУ треба **да го вклучи Западен Балкан во своето повеќегодишно планирање на финансиска рамка,** обезбедувајќи посилна основа за интеграција на регионот и поттикнување на приватни инвестиции во ЕУ. Особено, ЕУ треба да има за цел да **се вклучи директно со граѓанското општество** во ЈИЕ, вклучително и преку програми управувани од Брисел за владеење на правото, правдата, итн.
- ЕУ треба да зачекори многу посигурно за **развој на регионалната енергетска соработка** и интегрирање во ЕУ, вклучително и преку стратешки проекти за енергетика и воведување и верификација на енергетските правила и регулативи на ЕУ.
- ЕУ треба да **ја подобри соработката со националните институции во борба против перењето пари** за да се следат незаконските финансиски текови. Европската комисија и Европската централна банка треба да ги зајакнат напорите за спроведување на законодавството на АМЛ и затворање на дупки во корпоративната сопственост и регулаторните рамки на странските директни инвестиции. Потребно е успешно спроведување на одлуката на ЕУ за формирање на Регистар на бенефиции за сопственост и истиот да го направи достапен за широката јавност.
- САД треба да го користит поагресивно Актот за странски коруптивни практики, како и да го искористат опсегот на Флобалниот акт „Магнитски" со цел да ги истражат практиките на корупција на високо ниво во Европа кои овозможуваат руски стратешки интереси.

# Публикации на Центарот за изучување на демократијата

**State Capture Assessment Diagnostics**, Sofia, 2019.
ISBN: 978-954-477-364-9

**The Kremlin Playbook 2: The Enablers**, Rowman & Littlefield, 2019.
ISBN: 978-1-4422-8111-0 (pb)
ISBN: 978-1-4422-8112-7 (eBook)

**The Russian Economic Grip on Central and Eastern Europe**, Routledge, 2019.
ISBN: 978-0-8153-6342-2 (hbk)
ISBN: 978-1-351-10939-0 (eBook)

**Russian Influence in the Media Sectors of the Black Sea Countries: Tools, Narratives and Policy Options for Building Resilience**, Sofia, 2018.
ISBN: 978-954-477-339-7

**Извадок од политиката бр. 77: Making Democracy Deliver in the Western Balkans: Strengthening Governance and Anticorruption**, Sofia, 2018.

**Russian Economic Footprint in the Western Balkans. Corruption and State Capture Risks**, Sofia, 2018.
ISBN: 978-954-477-327-4

**The Kremlin Playbook: Understanding Russian Influence in Central and Eastern Europe**,
Rowman & Littlefield, 2016.
ISBN: 978-1-4422-7958-2 (pb)
ISBN: 978-1-4422-7959-9 (eBook)

**Hidden Economy and Good Governance in Southeast Europe Regional Assessment Report**, Sofia, 2016.
ISBN: 978-954-477-280-2

**Shadow Power: Assessment of Corruption and Hidden Economy in Southeast Europe**, Sofia, 2016.
ISBN: 978-954-477-282-6

**State Capture Unplugged: Countering Administrative and Political Corruption in Bulgaria**, Sofia, 2016.
ISBN: 978-954-477-279-6

**Monitoring Anti-Corruption in Europe: Bridging Policy Evaluation and Corruption Measurement**, Sofia, 2015.
ISBN: 978-954-477-241-3

**Financing of Organised Crime**, Sofia, 2015.
ISBN: 978-954-477-234-5